# Политика за приватност

Ние во Гоу Изи (во понатамошниот текст „ние“, „наше“, „нам“) посветуваме особено внимание на правото на приватност и на заштитата на личните податоци на нашите корисници. Go Easy ги прибира, обработува и чува вашите лични податоци во согласност со прописите за заштита на личните податоци и заради исполнување на целите поради кои се врши нивно прибирање. По истекот на законскиот период, вашите податоци ќе бидат избришани.

Наш врвен приоритет е градењето доверба со вас - корисниците на нашите услуги, па затоа сакаме да ви пружиме детални информации за тоа какви податоци прибираме, обработуваме и чуваме. За нас е важно вашето задоволство од услугите што ги нудиме, како и обезбедувањето заштита на приватноста и интегритетот на личните податоци со кои доаѓаме во контакт во текот на работењето.

Ве молиме, внимателно прочитајте ја оваа Политика на приватност. Таа ќе ви помогне да донесете информирана одлука за споделувањето на вашите лични податоци со нас. Со пристапувањето на нашиот веб-сајт или со користењето на нашите услуги, потврдувате дека сте ги прочитале, ги разбирате и се согласувате со условите предвидени во оваа Политика на приватност, како и дека се согласувате да бидете обврзани со нив. Политиката за приватност на Go Easy се заснова на прописите за заштита на личните податоци, што во електронска форма може да ги преземете од веб-сајтот на Дирекцијата за заштита на личните податоци (www.dzlp.mk).

## Како ги прибираме и обработуваме личните податоци?

Go Easy ги прибира од вас само оние лични податоци што вие лично ги внесувате при регистрација, со цел да станете корисник на услугите преку нашиот веб-сајт или кога барате да ви доставуваме информации преку адреса за е-пошта. Поимот на „личен податок“ е определен со Законот за заштита на личните податоци и под него се подразбира секоја информација која се однесува на идентификувано физичко лице или физичко лице кое може да се идентификува. Лице кое може да се идентификува е она лице, чијшто идентитет може да се утврди директно или индиректно, посебно врз основа на матичен број на граѓанинот или врз основа на едно или повеќе обележја специфични за неговиот физички, физиолошки, ментален, економски, културен или социјален идентитет;

Личните податоци кои се собираат зависат од тоа дали пристапувате како посетител или сте наш регистриран корисник, при што можат да се соберат следниве лични податоци: име и презиме, назив и седиште на фирма, адреса за е-пошта, телефонски број.

На серверот ќе биде забележан запис (log) од каде сте пристапиле при посетување на нашата веб-страница, односно ќе биде зачувана IP адресата, како податок што може да

открие за кое лице и локација точно станува збор во моментот на вашето најавување како корисник на веб-сајтот.

Кога стапувате во контакт со нашиот тим за поддршка на корисници, исто така, може да се јави потреба да се приберат одредени лични податоци и информации од вашиот кориснички профил, а со цел да се изврши категоризација на вашето прашање и да ви се обезбеди потребниот одговор. Истовремено, овие податоци ги користиме за да детектираме потенцијални проблеми, како и за да ја прилагодиме нашата поддршка на потребите на корисниците.

## Како се користат вашите лични податоци?

GoEasy може да ги открие вашите личните податоци само во случаи кадешто тоа е дозволено или законски уредено, а со цел да ги искористи своите права и да ги заштити своите деловни интереси или да постапи во согласност со судски наредби или други правни барања.

Личните податоци ги обработуваме за подобро разбирање на вашите потреби и подобрување на квалитетот на услугите. Исто така, ги обработуваме овие податоци за да ве известуваме за нови услуги и специјални понуди и акции кои сметаме дека ќе бидат интересни за вас, како и за важни промени поврзани со користењето на услугите.

Вашите лични податоци нема да се обработуваат за ниту една друга цел, освен за целта за која се прибрани. Нивна обработка за друга цел, може да се врши единствено врз основа на ваша претходна согласност.

Како наш корисник, имате право во секое време, бесплатно и со користење на едноставни средства за комуникација, да ја повлечете согласноста за обработка на личните податоци, целосно или како дел од вашите лични податоци кои претходно биле прибрани, обработувани и чувани.

## Како се чуваат вашите лични податоци

Вашите лични податоци се чуваат на Cloud сервер заштита со серверски SSL сертификат, со автоматско правење бекап на повеќе локации.

Личните податоци во електронска форма се чуваат се додека е активна вашата претплата. Во рок од 60 дена од престанување на претплатата, било да е тоа по ваше барање или со изминување на периодот на претплата, престанува чувањето на вашите лични податоци.

## Заштита на личните податоци

Свесни сме дека можеби кај вас постои загриженост во поглед на заштитата на приватноста и доверливоста на вашите лични податоци, па затоа преземаме заштитни

мерки за да се осигураме дека овие информации ќе бидат соодветно заштитени. Заради спречување на неовластен пристап и злоупотреба на личните податоци, Go Easy ги презема сите потребни технички, организациски, административни и физички мерки за обезбедување на тајност и заштита на обработката на личните податоци.

Пристапот до вашата корисничка сметка е заштитен со корисничко име и лозинка (алфанумеричка – задолжителна комбинација од букви и бројки). Ви препорачуваме да не ја споделувате оваа информација со други лица. Никогаш не ја запишувајте лозинката и никогаш не ја праќајте по адреса за е-пошта на нас или на некој друг. Никогаш не дозволувајте на друг да види што чувате, особено на јавно место. Секогаш одјавете се откако ќе ја завршите најавата. Ако забележите дека лозинката ви е пробиена или заборавена, веднаш известете нѐ и пристапете кон нејзина промена, преку процесот на *заборавена лозинка.*

## Поврзување со други веб-сајтови

Ако се поврзете од нашиот веб-сајт на независен линк воден од трета страна, ние не можеме да обезбедиме заштита на која било информација што ја доставувате. Веб-сајтовите на трети лица може да имаат своја политика на прибирање податоци што се надвор од наша контрола. Секој личен податок што го доставувате на трети лица ќе биде регулиран од нивната политика за приватност, доколку ја имаат. Go Easy не презема одговорност за овие дејствија.

## Пристап до вашите лични податоци

Имате пристап до вашите лични податоци во секое време. Доколку сакате да проверите какви лични податоци обработуваме за вас, контактирајте нѐ на долунаведената адреса, на телефонскиот број или на адресата за е-пошта. Во секое време можете самите да ги промените вашите лични податоци, преку најавување како регистриран корисник во делот кориснички профил.

## Промени во Политиката за приватност

Го задржуваме правото да вршиме изменување или дополнување на Политиката за приватност во кое било време, а таквото изменување или дополнување влегува во сила со самото објавување на веб-страницата на Go Easy. За секоја промена, Go Easy ќе ги извести своите корисници (преку објава на нашата веб-страница или преку е-пошта). Корисникот прифаќа и се согласува дека е негова одговорност периодично да ја проверува Политиката за приватност и дека е свесен за промените.

## Контакт

За сите прашања поврзани со вашите лични податоци обрабтувани од Go Easy обратете се директно до нас:

**Друштво за информатичка технологија ГОУ ИЗИ ДОО Скопје**

Адреса: Алберт Швајцер бр.12, Скопје , Македонија

Телефонски број: 078 320 420

Адреса за е-пошта: info@goeasy.eu